Врз основа на член 16 став (4) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ИЗЈАВАТА ЗА СЕРИОЗНОСТ ОД РАБОТОДАВАЧОТ И УПАТСТВО ЗА НЕЈЗИНО ПОПОЛНУВАЊЕ**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува содржината и формата на Изјавата за сериозност од работодавачот и упатството за нејзино пополнување.

**Член 2**

Изјавата од член 1 од овој правилник, се пополнува на образец со димензии А4, чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министер за образование и наука,**

**проф. д-р Весна Јаневска**

**Бр.** 18-11124/1 11-08-2025

**--.--.2025 година**

**Скопје**

**Прилог**

## ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ ОД РАБОТОДАВАЧОТ

Јас, доле потпишаниот/а, како овластено лице на правниот субјект 1.___________________________, со седиште на адреса 2.______________________________, со ЕМБС 3.______________ и ЕДБ број 4.______________ , изјавувам:

- Дека ќе бидам посветен на учеството во дуалното образование со подготовка на кадар за квалификацијата/програмата 5._________________________________________, од секторот 6.___________________ .
- Дека ќе обезбедам соодветна работна средина и менторска поддршка за 7.__________________ ученици, кои ќе учествуваат во програмата за дуално образование.
- Работните задачи и активности кои ќе им бидат доделени на учениците ќе бидат во согласност со нивната наставна програма за учење преку работа и феријална практика.
- Дека е обезбеден најмалку еден ментор кој ќе биде одговорен за реализација на практичното образование.
- Дека ќе се доделуваат задачи и ќе се следи напредокот и успехот на учениците, преку следење и евалуација на работата на учениците и ќе се даваат повратни информации на ученикот, наставникот/училиштето и по потреба и на родителот.
- Дека се обезбедени финансиски средства за месечен надоместок на ученикот согласно Законот за стручно образование и обука.
- Дека се обезбедени услови за безбедност и здравје при работа на учениците во работната средина, согласно со пропишаните стандарди.

Лице за контакт -------------------------------, телефонски број------------------------.

(Потпис на овластено лице)

______________________

Датум и место

____________

**Упатство за пополнување на Изјавата за сериозност од работодавач**

Точка 1. Се впишува Назив на работодавачот/компанијата.

Точка 2. Се впишува Адресата на која се наоѓа седиштето на работодавачот/компанијата.

Точка 3. Се впишува Единствениот матичен број на субјектот - работодавачот/компанијата.

Точка 4. Се впишува Единствениот даночен број на работодавачот/компанијата.

Точка 5. Се впишува називот на квалификацијата.

Точка 6. Се впишува називот на секторот под кој припаѓа квалификацијата.

Точка 7. Се впишува вкупниот број на ученици кои можат да бидат примени за практично образование кај работодавачот/компанијата.